КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 10-195/1
15.03.2024 год.

МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА | МАКЕДОНСКА ТРЕТА ЛИГА

КФСМ Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

**КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

Согласно членовите 34.6, 41, 43.6.3, 43.13 и 61.2 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги на ден 15.03.2024 година, петок, комесарот за натпреварување ги носи следните:

ОДЛУКА ЗА НАТПРЕВАРОТ

Натпреварот помеѓу екипите на КК „Чаир 2030" и на КК „МЗТ Скопје Аеродром" кој беше прекинат на полувремето, ќе се доигра во празна сала, со време и резултат од моментот на прекинот.

ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАТОРОТ НА НАТПРЕВАРОТ, КК „ЧАИР 2030"

Екипата на КК „Чаир 2030", поради влегување на неслужбени лица во подтрибинскиот простор, односно ходникот кој води кон соблекувалните на двете клупи од ВИП столчиња, се казнува со забрана на поставување ВИП столчиња до крајот на тековното првенство (2023/2024).

Екипата на КК „Чаир 2030", поради слаба организација, односно дозволување на неслужбени лица да се движат на теренот за игра и ходникот кој води кон двете соблекувални, се казнува со парична казна во висина од 40.000 денари.

На техничкиот раководител на екипата на КК „Чаир 2030", Алајдин Мустафа, му се изрекува парична казна во висина од 20.000 денари и забрана на вршење должност до крајот на тековната натпреварувачка сезона 2023/24.

ОДЛУКА ЗА ГОСИНСКАТА ЕКИПА НА НАТПРЕВАРОТ, КК „МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ"

Екипата на КК „МЗТ Скопје Аеродром поради предизвикување на прекин подолг од петнаесет (15) минути, се казнува со парична казна во висина од 30.000 денари.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Согласно членот 55.6 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, на ден 14.04.2024 година, четврток, по завршување на првото полувреме, играчите на двете екипи се упатиле кон своите соблекувални. На патот кон соблекувалната, неколку неслужбени лица и службено лице (техничкиот раководител) на екипата на КК „Чаир 2030", Алајдин Мустафа кое седело на ВИП седиштата, во близина на клупата на КК „Чаир 2030", го поминува целиот терен, неспортски се однесувал и вербално го нападнал играчот на КК „МЗТ Скопје Аеродром", Џон Бенџамин Гилон, лиценца број 034277.

Истите лица подоцна влегуваат во подтрибинскиот простор.

Согласно членот 46.6.3 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, првиот судија заедно со делегатот на натпреварот, официјално го прекинале натпреварот и истиот ќе се доигра во наредните 48. часа без присуство на публика, со време и резултат од моментот на прекинот.

Согласно членот 15.4 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, на екипата на КК „Чаир 2030" и се забранува присуство на публика на продолжетокот од натпреварот со екипата на КК „МЗТ Скопје Аеродром" која треба да се одигра во рок не подолг од 48 часа.

Согласно членот 15.4 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, на екипата на КК „Чаир 2030" и се забранува поставување на ВИП столчиња на теренот под кошевите на натпревари во нивна организација до крајот на тековното првенство, 2023/24 година.

Согласно членот 15.2 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, на екипата на КК „Чаир 2030", поради слаба организација и се изрекува парична казна во висина од 40.000 денари.

Согласно членовите 55.14 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги и членот 15.5 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, на техничкиот претставник на екипата на КК „Чаир 2030", Алајдин Мустафа, му се изрекува парична казна во висина од 20.000 денари и забрана на вршење должност до крајот на тековната натпреварувачка сезона 2023/24.

Согласно членот 15.2 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, на екипата на КК „МЗТ Скопје Аеродром", поради предизвикување на прекин подолг од 15 минути и се изрекува парична казна во висина од 30.000 денари.

НАПОМЕНА: Согласно членот 49.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, на одлуката на комесарот за натпреварување, дозволена е жалба до Арбитражна комисија на КФСМ, која се поднесува најдоцна до 24 часа по приемот на одлуката.

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Поздрав,

Комесар за натпреварување,
Александар Милојевиќ